Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 158

Јануари 2026 г.

цена 20 денари,



**Дафинка Муцунска-Дина,**

**доктор по науки за туризам**

## Источниот регион да биде посакуван

Quehenberger logistics

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

Авто сервис Рибата



Со Филип **Совиновски**, раководител на тимот за изведба на проектот брана на река Отиња

# Штип ќе ја има браната на Отиња кон средината на 2027 година



**Имаме голем проблем во Основното училиште „Гоце Делчев“**




**Јорданчо Станчев (Јордан Капа), музичар кој и дава нова смисла на штипската народна песна**

*Иван Бојаџиски*



# Колумнисти

Во светскиот, а со тоа и во македонскиот журнализам посебен придонес во однос на важните општестени текови во државата, регионот или локалната заедница покрај новинарите даваат (и) колумнистите. Тоа се инспиративни поединци кои имаат личен став и однос по прашања кои се доминантни и од посебна важност за заедницата. Таквите поединци своите ставови ги изнесуваат главно во печатените медиуми (весниците) каков што е и вашиот Штипски Глас.

Таквиот медиумско производ се нарекува-колумна.

Колумната, според отворената енциклопедија Википедија, е статија во весник или списание од еден и ист автор која се појавува редовно, на исто место/страница, обично напишана на одредена тема или област. Поедини колумнисти во односниот печатен медиум со свои колумни се појавуваат периодично, а заедничко и на првите и на вторите е тоа што тие, во своите текстови-колумни изразуваат исклучиво лично мислење, што во услови на несовршено општество какво што е нашето, на некој начин се смета за лична храброст.

Во изминатите 158 броеви Штипски Глас има објавено 3.160 текстови во кои се отсликува животот во нашата општина во изминатите 25 години. Опишан е урбанистичкиот, економскиот, образовниот, културниот, социјалниот, спортскиот живот на градот и општината. Меѓу тие текстови кои говорат за успесите и проблемите на општината за која сме си ги врзале нашите животи гордо (според мое мислење) стојат и над 300 колумни кои му дадоа посебен белег на весникот како медиум кој држи до мислењето на слободните мислители.

М-р Трајче Кацаров, еминентен писател и општоприфатен долгогодишен работник во културата како најголем соработник/колумнист на весникот, проф.д—Трајче Стојанов, декан на ФОН при Универзитетот „Гоце Делчев“, м-р Роберт Аџипетров, директор на Педагошката служба при Министерството за образование и наука, доц. д-р Христина Серафимовска, директор на Агенција за квалитет во високото образование, д-р Даница Фичорска, специјалист физијатар во пензија, д-р Страшко Стојановски, професор по социологија на УГД, Божидар Ристо Аризанков, пензиониран началник на крим полиција, м-р Игор Стојанов, новинар, Тони Михаилов, мој колега, Милорад Анѓелов, актер и покојната Елена Јосимовска, која прерано го напушти нашиот свет, а нејзиното име остана како значаен потпис зад поголем број колумни објавени во весникот. Тоа се имињата на колумнистите во овој весник.

Колумната е еден вид златен белег на секој печатен медиум кој држи до себе, својата уредувачка политика и над се до своите читатели. Како главен и одговорен уредник на овој весник никогаш не сум влијаел на темата која ја избрал како своја колумна некој од нашите колумнисти. Никогаш не сум им се мешал во начинот на кој тие, преку Штипски Глас до јавноста ќе достават свое мислење за определна општествена состојба. Единствено што сум барал е тоа во нивните колумни да нема вулгарности кои, благодарение на социјалните мрежи, кај нас се намножија како отровни печурки после пороен дожд. И сум ја имал среќата сите личности кои напишале колумна за весникот, во поглед на културата на општењето со јавноста да бидат на највисоко можно ниво.

За тоа ја искажувам мојата најискрена благодарност кон сите – од неуморниот Кацаров, преку експертот за образовни политики Аџипетров, интригантниот Аризанков, философот Стојанов Т. и медиумскиот експерт Стојанов И. секогаш љубезната доктор Фичорска, професорот социолог Стојанов Страшко, екс советничката Серафимовска, колегата-новинар Михаилов, покојната Е. Јосимовска...Да не беа тие Штипски Глас немаше да го има нивото кое го има, односно немаше да биде печатен медиум со сите атрибути на серизен месечник кој се зафаќа само со теми, меѓу кои се и колумните, кои имаат посебно значење за историјата на градот и општината.

***Меѓу текстовите кои говорат за успесите и проблемите на општината за која сме си ги врзале нашите животи гордо (според мое мислење) стојат и над 300 колумни кои му дадоа посебен белег на весникот како медиум кој држи до мислењето на слободните мислители. Еве една моја јавна благодарност за нашите колумнисти...***

Штип, во поглед на печатените медиуми од секогаш бил раритетен град во Македонија. Во некои други, поранешни времиња кога немаше локални телевизии, а посебно кога интернетот не беше ниту во фаза на создавање, во градот излегуваа Брегалнички Глас, па Солидарност, Штипски Весник кој остави најдлабок печат со многуте години на постоење, весниците на Македонка, Астибо, ЗИК Црвена Ѕвезда, Макпромет, Медицински центар, Нова Трговија. Сите тие оставија мал милион информации од животот на градот и општината, информации кои денес можат да се најдат во нашата Национална установа-Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“. Со тоа на некои идни истражувачи на штипската историја им е овозможено да нурнат во минатото на градот и општината, а текстовите објавувани во спомнатите печатени медиуми да им послужат како основа за нивните истражувачки активности.

Штипски Глас е печатениот медиум кој своите медиумски претходници ги надогради со мноштвото колумнисти кои добиваа(т) простор во весникот. Лично, како најодговорен за медиумската творба која сега ја држите в раце, на крајот одовој поглед од мој агол само сакам да кажам дека спомнатите колумнист му додадоа на весникот нова, златна вредност. И затоа, во овој број на весникот главниот збор го имаат колумнистите.

Јас само живеам во надеж дека сите тие ќе ја продолжат соработката со весникот со објава на квалитетни колумни со што и на градот му се додава нова вредност каква што малку други градови ја имаат.

# Имаме голем проблем во Основното училиште „Гоце Делчев“



Сегрегацијата е сериозен проблем кој се провлекува повеќе години и истиот не може да се адресира на едно место, односно одговорност имаат повеќе чинители. За ова нашата општина е тужена пред Европскиот суд за човекови права во предметот „Елмазова и други против Република Македонија“, спор кој го имаме загубено и за истиот веќе се исплатени средства како надомест за штета.

-За јавноста да ги знае деталите, ова значи дека во училиштето има „чисто ромски“ и „чисто македонски“ паралелки. Барањето е сите паралелки да бидат мешани. Во изминатите четири години се работеше преку акциски планови и мерки (како позитивна дискриминација, бесплатен превоз), но за жал тие дадоа многу мал или никаков резултат. Општина Штип доби известување од Министерството за образование и наука во кое е наведено дека претставници од Европскиот суд детално ја следат ситуацијата, напоменувајќи дека мерките немаат вродено со плод. Ова значи дека ја губиме можноста проблемот да се реши „на хартија“ што не води кон плаќање на високи глоби. Свесно оштетување на буџетот носи кривична одговорност што значи дека веќе од септември формирање на чисто етички паралелки нема да биде можно, вели градоначалникот Иван Јорданов.

Според првиот човек на градот паралелно со ова имаме и втор сериозен проблем:во петте основни училишта во Штип има околу 3600 ученици од прво до деветo одделение, што е значително помалку од пред една или две децении. Согласно Закон за основно образование една паралелка треба да биде составена од најмалку 20 ученици, а сведоци сме дека секој август се формира паралелки со помал број на ученици. Министерството за образование во неколку наврати јасно најави дека формирање на паралелки со помал број на ученици во иднина нема да биде можно, односно следува оптимизација на ресурсите. Тоа значи дека сите простории кои се во рамки на образовните институции мора да бидат рационално искористени, во форма на целодневен престој или настава.

***Наставниот кадар на ООУ „Гоце Делчев“ одлучи дека фузирање не е опција за нив, и се исклучиво на ставот да остане вака како што е во моментот, иако се свесни за опасностите, но каков расплет ќе имаме ќе се покаже во месец септември.***

- Во моментот имаме и училишта со паралелки со по само неколку ученици, што веќе од септември нема да биде возможно. Со ова е поврзано и непочитувањето на реонизацијата, затоа што родителите пронаоѓаат начин како своето дете да го запишат во друго училиште кое има слободно места, проблем од кој најмногу е засегнато токму ООУ „Гоце Делчев“ Штип. Дополнително, од 2026 година дотациите кои ги добиваме како општина ќе се пресметуваат по нова формула која ги фаворизира општините кои имаат раст на бројот на ученици на сметка на оние кои имаат помал број ученици, укажува Јорданов.

Впрочем, на маса имаме јасна состојба која вели дека од 2026 година пресметката на блок дотацијата е според број на ученици, сегрегацијата нема да биде појава во ниту едно училиште, формирањето на паралелки ќе биде во законски утврдениот број. Ова значи дека од септември 2026 година, проблемот ќе биде јасно видлив и неминовен за сите вклучени во основното образование во нашиот град.

-Во разговор со сите чинители заклучивме дека имаме сериозен проблем и во таа насока се разгледаа неколку опции за надминување на состојбата. Општината комуницираше со УГД и МОН со цел да се најде решение кое ќе го заштити интересот на учениците, ќе го заштити буџетот на општината и ќе изгбегне сценарио на губење на работни места кај наставниот кадар. Имајќи во превид дека непочитувањето на реонизацијата, сеграгацијата и малиот број на ученици е директно поврзан со едно од училиштата се разговараше токму со вработените овде и им се презентираше она со кое што можеме да се соочиме. Наставниот кадар одлучи дека фузирање не е опција за нив, и се исклучиво на ставот да остане вака како што е во моментот, иако се свесни за опасностите. Ставот на наставниците градоначалникот на Штип секако ќе го почитува, но истиот ќе биде пренесен и до Министерството за образование и наука, од проста причина што со проблемот ќе се соочиме веќе во септември.

-Во минатото имаме случаеви каде некои училишта природно престанале со работа, како подрачното училиште во Ново Село, каде денес просторот е оптимизиран па во него денес во две смени престојуваат 120 училишта. Никому не му е драго кога училиште се затвара, но мора да се соочиме со реалноста, затоа што бројот на ученици опаѓа, а бројот на наставен кадар е непроменет, укажува градоначалникот..

Градоначалникот Јорданов е дециден дека ставот на наставниците и родителите ќе се почитува, но потребно е проблемите да ги антиципираме и да работиме на нивно решавање затоа што игнорирањето на истите повеќе не е можно.

**Со Филип Совиновски, раководител на тимот за изведба на проектот брана на река Отиња**

# Штип ќе ја има браната на Отиња кон средината на 2027 година



Реализацијата на браната на реката Отињат се одвива во целост согласно одобрената проектно-техничка документација, важечките законски и подзаконски прописи, како и предвидената динамика на изведба, преку јасно дефиниран повеќефазен процес на градење. Сите активности се спроведуваат под стручен надзор и во согласност со принципите на добрата инженерска пракса".

Ова во интервјуза Штипски Глас го изјави Филип Совиновски од битолската градежна компанија „Стентон градба" која работи на изградбата на браната која е штипски сон подолго опд половина век.

**Г-дин Совиновски, како течат работите на браната во овој период?**

-Континуирано се изведуваат работи на изградба на насипот на браната, која согласно проектната документација е проектирана како камено-земјена брана со централно поставено глинено јадро. Преку ваквото конструктивно решение се обезбедува потребната водонепропусност, **стабилност и долготрајност** на објектот. Работите на вградување и набивање на материјалите се изведуваат слој по слој, во согласност со пропишаните технички услови и контрола на квалитетот. Согласно моменталната состојба на изведба, на-



**Филип Совиновски, раководител на проектот брана на река Отиња**

сипот на браната е кумулативно реализиран во обем од приближно 55 проценти, при што, досега, изведените работи се во согласност со планираната динамика и проектните параметри.

Тоа значи дека браната на познатата штипска река ќе ја имаме до...

-Предвидено е браната целосно да биде изградена до средината на идната 2027 година. Тоа е согласно договорните одредби и усвоениот временски план за изведба, рок до кој ние сврсто се држиме.

**Ова интервју го правиме во зимски период, време во кое градежните работи одат тешко, оттука каков е планот за пролетта која ни доаѓа за скоро време?**

-Во согласност со динамиката на реализација на проектот и предвидената временска рамка за изведба, се планира во пролетниот период да продолжат градежните активности поврзани со изградбата на насипот на браната. Продолжувањето на овие активности е условено од стабилизирање на метеоролошките и хидролошките услови, кои се неопходни за квалитетна и безбедна изведба на овој вид на градежни работи. Во тековниот период се реализираат активности насочени кон подготовка и обезбедување на потребните материјали за изградба на насипот на браната, вклучително и набавка, транспорт, селекција и складирање на материјалите, согласно техничката документација и важечките стандарди и нормативи. Овие подготвителни активности имаат за цел да овозможат навремено и континуирано продолжување на градежните работи веднаш по создавање на поволни временски услови.

Моментално изведбата на работите се одвива во услови на зимски режим на работа, кои не се поволни за изведба на насипна конструкција. Имајќи го предвид наведено, како и обврската за почитување на проектната документација, техничките прописи и добрата инженерска пракса, изградбата на насипот на браната **привремено е одложена** и е планирано да продолжи во пролетниот период, кога ќе се создадат соодветни услови за безбедна, квалитетна и технички исправна изведба на градежните работи.

**Како течат работите со изградбата на телото на браната?**

-Изградбата на телото на браната започна во месец мај, 2025 година. Моментално, изведбата на телото на браната е реализирана до кота 321 мнв, при што за комплетирање на браната до проектната кота преостанува уште приближно 16 метри по висина. Вкупната проектирана висина на браната изнесува 32,5 метри, со широчина на круната од 7 метри. Наклонот на косините е дефиниран како 1:2,2 на узводната страна и 1:2,1 на низводната страна, додека во зоната на узводниот загат наклонот изнесува 1:3. Зошто го кажувам ова? Затоа што Ваквата геометриска конфигурација и избраните параметри на браната укажуваат на внимателно и стручно проектиран објект, кој обезбедува висок степен на стабилност и сигурност во однос на статичките и хидрогеотехничките услови на локацијата, како и долгорочна безбедност при нејзиното користење.

**Изградбата на ваков објект бара соодветни материјали. Прашањето ни е како и од каде ги обезбедивте песокот, чакалот, каменот...**

-Песокот и чакалот ги обезбедуваме во рамки на акумулациониот простор на браната, од концесија која е предвидена токму за таа намена. Заклучно со овој период, досега се обезбедени приближно 80 проценти од вкупно предвидените количини песок и чакал потребни за изградбата на браната. Паралелно со тековните градежни активности, продолжува и експлоатацијата на преостанатите количини, со што се обезбедува континуирано снабдување и непречено одвивање на работите на објектот. Каменот потребен за изградба на телото на браната се обезбедува од концесиите лоцирани на месностите Попова чешма и Јусменов рид. На овие локации досега се извршени вкупно три минирања, со што се обезбедени потребните количини камен со соодветен квалитет и фракција, во согласност со техничките услови и проектните барања за изградба на браната.



**Младиот стручен тим на „Стентон градба“ кој работи на проектот**

**Колку луѓе се ангажирани од „Стентон градба“ на овој проект, колкав е машинскиот парк кој е на терен, колку стручен кадар е вклучен во процесот...**

-На теренот за изградба на овој објект, во текот на целокупната изведба, континуирано се ангажира значаен број на градежни машини и механизација. Во зависност од фазата на работите, бројот на активни машини варира од 35 до 40 единици, со доминантно



Сегашен поглед на браната

присуство на средна и тешка градежна механизација. Оваа механизација е составена од различни видови опрема, меѓу кои се издвојуваат: камиони за транспорт на материјали и земјени насипи; валјаци за набивање и зголемување на носивоста на слоевите, булдожери за подготовка на теренот и формирање на насипи; багери за ископи и подготовка на основи; мобилни дробилки за подготовка на материјал.

-Во исто време, на проектот е ангажиран и високостручен кадар, кој ги покрива повеќе инженерски дисциплини за успешна реализација на објектот. Стручниот тим, кој е постојано присутен и активен на терен, брои околу 25 лица, и е составен од следните профили: градежни инженери; инженери по геотехника; хидроградежни инженери; инженери по геодезија; рударски инженери; инженери по геологија; лабораторен персонал и други поддржувачки кадри.

Во целина, ангажманот на значителен број механизација и високостручен кадар на теренот е клучен за одржување на динамиката на изведба, безбедноста на работите и постигнување на проектните цели и стандарди за квалитет.

**Моментално изведбата на работите се одвива во услови на зимски режим на работа, кои не се поволни за изведба на насипна конструкција. Ниските температури, зголемената влажност, можната појава на мраз и снег, како и нестабилните теренски услови, не овозможуваат соодветна градба… Но, од Стентон градба уверуваат дека целиот проект ќе биде завршен до идното лето.**

**Нешто наше за браната:**

За овој проект Штипски глас има пишувани повеќе пати. Изградбата беше најавена во месец септември 2000 година со информација дека изградбата ќе чини 7,5 милиони евра и ќе биде готова за 30 месеци (со месец декември 2025 година изминаа 60 месеци).Штипјани тогаш добија и информација дека општината нема такви пари, но дека поддршка дошла од државата со одлука таа да го инвестира проектот. Минатата година актуелниот министер за транспорт и врски и потпретседател во Владата Александар Николовски, при посетата на објектот, рече дека вкупната инвестиција ќе чини осум милиони евра и дека Владата ќе ги даде потребните уште два милиони евра.

Според техничката документација, браната на река Отиња ќе зафаќа опфат од 120 хектари и околу неа ќе има пешачка патека. Ќе акумулира три милиони метри кубни вода со што ќе биде поголема од браните Пишица кај Пробиштип, Мавровица во општина Свети Николе и Гратче кај Кочани. На просторот на Источниот регион најголема останува браната Калиманци со акумулативна моќ од нето 115 милиони кубни метри вода, а Брегалничкиот хидромелиоративен систем чиј капитале дел е оваа брана работи од 1970 година и ја „носи“ плодоносната вода 101 километар, од зафатот кај село Истибани до селото Каратманово во близина на Велес.

# Штипјанецот Панче Наумов стана полноправен член на Европската академија на науките

Номиниран од минатогодишниот добитник на Нобеловата награда за хемија, Омар Јаги, академик Панче Наумов, штипјанец стана полноправен член на Европската академија на науките (European Academy of Sciences). Наумов, кој моментално предава на Универзитетите „Њу Јорк“ и „Њу Јорк Абу Даби“, стана академик во Одделението за хемија.

Според поголем број медиуми во нашата држава кои го одбележаа овој голем успех на нашиот сограѓанин веста за големото достигнување на полето на науката на Наумов му е соопштена кон крајот на минатиот месец-јануари 2026 година.

Познато е тоа дека свечената церемонија за негово пристапување во Европската академија на науките ќе се одржи годинава во Брисел. Штипската јавност треба да знае дека Наумов е веќе член на две други Академии на науки – надворешен член на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) и полноправен член на Националната академија на Обединетите Арапски Емирати. Исто така тој е и Редклиф визитинг професор на Универзитетот „Харвард“ во САД.

Наумов е светски истакнат хемичар и научник, по потекло од Штип-Македонија, кој што долги години работи во странство. По завршувањето на студиите по хемија на Институтот за хемија при ПМФ, со спонзорство од јапонската Влада, Наумов се запишува на докторски студии во Токио, Јапонија, каде докторирал во 2004 година на хемија и наука за материјалите.

По докторирањето тој работел во јапонскиот Институт за наука за материјалите, а потоа и во универзитети во Осака и Кјото. Во 2012 година преминува на Универзитетот „Њу Јорк“, каде сега работи во нивните кампуси во Њу Јорк и Абу Даби.

Пред четири години, Наумов оформил и Центар за паметни материјали, чиј директор е сега.

Академик Наумов има објавено преку 300 научни трудови, коишто се цитирани повеќе од 17.000 пати. Во неговата биографија и се што досега има направено стои и дека е придружен член на Американското хемиско друштво (American Chemical Society) и на Кралското хемиско друштво (The Royal Society of Chemistry).

Истражувањата на универзитетскиот професор и научник Наумов покриваат широк спектар научни проблематики од областа на хемијата и науката за материјалите. Главна тема на неговиот научен интерес е хемијата на цврста фаза, а особено нови паметни материјали. Наумов е и еден од пионерите што ги имаат откриено динамичките својства на цврстите супстанци, парадигма којашто го менува класичното сфаќање на хемијата на цврсто тело. Неговите истражувања покажале дека кристални цврсти материјали, при одредени услови, може да покажуваат динамички, а не само статички својства. Ова сознание драстично ја менува нашата перцепција за материјалите.




**Панче Наумов**

***Резултатите од научните истражувања на Панче Наумов веќе се користат во индустријата на паметни материјали, како што се флексибилни органски електронски и оптички елементи во електронската индустрија. Неговите откритија се на пат да ја заменат оптиката и електрониката којашто засега користи силициум или силициум диоксид***

Резултатите од неговите истражувања веќе се користат во индустријата на паметни материјали, како што се флексибилни органски електронски и оптички елементи во електронската индустрија. Неговите откритија се на пат да ја заменат оптиката и електрониката којашто засега користи силициум или силициум диоксид со комплетно органски кристални материјали коишто може да се виткаат и да одговараат ан надворешни влијанија како што се светлина, топлина, механички влијанија и слично.

**Актуелна регионална тема со Дафинка Муцунска-Дина, доктор на науки по туризам**

# Источниот регион може да биде видлив и препознатлив – по квалитет, автентичност и јасна туристичка приказна

Дафинка Муцунска–Дина е доктор на науки по туризам, со повеќе од две децении активно професионално искуство во туризмот, угостителството и одржливиот локален и регионален развој. По формално образование таа е и магистер по маркетинг менаџмент и дипломиран археолог и историчар на уметност, што и овозможува туризмот да го гледам не само како стопанска гранка, туку како интеграција на културното наследство, природните ресурси, економијата и луѓето. Муцунска веќе 22 години е генерален менаџер на Хотел Манастир во Берово – објект кој од самиот почеток се развиваше како пример за одржлив, автентичен и одговорен туризам. Паралелно со менаџерската улога, долги години работи како консултант, проектен координатор, фасилитатор и предавач во бројни проекти, финансирани од различни донатори, со фокус на одржлив туризам, рурален развој, зелена транзиција и зајакнување на локалните заедници.

Таа е и активно вклучена во граѓанскиот сектор како основач и претседател на локални организации, како и член на управни и извршни тела на национални институции и асоцијации поврзани со туризмот, стопанството и родовата рамноправност. Во текот на својата кариера работела и на креирање стратегии, туристички производи, едукативни програми и регионални развојни концепти, особено во Источна Македонија. Со Дафинка Муцунска – Дина разговараме за туризмот, неговиот развој и неговите регионални предизвици.

**Г-ѓа Муцунска, туризмот насекаде во развиениот свет е значајна стопанска гранка, како Вие како доктор по туризам гледата на односот на државата кон оваа гранка?**

Во земјите каде што туризмот е силна стопанска гранка, тој се развива како системска и долгорочна развојна политика. Туризмот таму ги поврзува просторното планирање, инфраструктурата, културата, заштитата на природата, образованието, локалниот економски развој и угостителството, со јасно дефинирана улога на државата – да обезбеди стабилна рамка, визија и институционална поддршка, додека реализацијата се одвива преку приватниот сектор и локалните заедници.

Во Македонија, искуството покажа дека развојот на туризмот преку поединечни иницијативи и проекти има ограничен домет. За посериозен исчекор неопходен е интегриран пристап заснован на управување со дестинации, каде што сите елементи на туристичката понуда функционираат како поврзан и координиран екосистем. Кога фокусот е ставен на дестинацијата, резултатите стануваат видливи, мерливи и одржливи.

Особено значаен сегмент е човечкиот капитал. Доколку туризмот го третираме како стратешка гранка, тогаш луѓе со мерливи резултати во пракса – економски, културолошки и во рамки на локалните заедници – треба активно да бидат вклучени и во институциите и во високото образование. Квалитетното образование во туризмот и угостителството е клучно за создавање идни генерации кои ќе можат да управуваат со сложени и динамични туристички системи.



Македонија располага со сериозни туристички ресурси, а **Источниот регион** има посебен потенцијал за развој на одржлив, рурален, културен и активен туризам. За нивна целосна валоризација потребни се професионализирани институции, вистински партнерства меѓу државата, локалните заедници и приватниот сектор и јасна развојна насока. Туризмот не се случува сам по себе – тој се планира и се гради со време, но кога тоа се прави системски, резултатите се стабилни, видливи и долгорочни.

**Долги години во нашиот Источен регион се дебатира за туризмот и неговиот развој, но некои посериозни обиди позитивно да се влијае на таа стопанска гранка до сега не се видени...**

На Источниот регион не му недостасува потенцијал, туку системски пристап. Берово и Малешевијата, Пониква, Голак, руралниот, верскиот и археолошкиот туризам располагаат со сериозни природни и културни ресурси, но тие најчесто функционираат изолирано, без да бидат поврзани во јасна, кохерентна и управувана туристичка приказна.

Со години туризмот се развиваше преку поединечни иницијативи и проекти, наместо преку управување со дестинации. Имаме атракции и одредени туристички производи, но недостигаат заокружени пакет-понуди; имаме промоции, но тие често се општи и недоволно поддржани со конкретна и подготвена понуда на терен; имаме добри индивидуални примери, но тие ретко се надградуваат во регионален модел. Денешниот турист не доаѓа само за една локација – тој бара активно и целосно искуство: лесен пристап, јасна програма, сместување, гастрономија, активности и содржини преку целата година, а Источниот регион има капацитет тоа да го понуди.

Дополнителен предизвик е сезоналноста и недоволната диверзификација на понудата. Пониква, на пример, сè уште претежно се перципира како зимска дестинација,

иако има силен потенцијал за активен, еко и рекреативен туризам во текот на целата година. Слично е и со археолошките локалитети, кои постојат како поединечни точки, но ретко се интегрирани во редовни туристички рути со водство, интерпретација и јасна комерцијална логика.

Клучен предизвик е и човечкиот фактор. Недостига системско вклучување на луѓе со практично искуство и мерливи резултати во планирањето и управувањето со туризмот, како и посилна поврзаност меѓу образованието и реалната пракса. Без тоа, тешко се гради професионална, квалитетна и одржлива туристичка понуда. Кога туризмот ќе почне да се третира како целосен систем, Источниот регион ќе има реална можност да изгради препознатлива и конкурентна туристичка приказна.

**Развиените земји својот економски, а со тоа и социјален успех го темелат на искористување на природните ресурси со кои располагаат, како е тоа кај нас?**

Во развиените земји, на природните ресурси не само што се гледа со голема грижа и одговорност, туку тие системски се мапираат, анализираат и валоризираат, а потоа преку внимателно планирање, интерпретација и одржливо управување се вклучуваат во туристичката понуда. Таму туризмот се развива врз основа на реални податоци за носечкиот капацитет на регионите и дестинациите, сезоналноста, достапноста и локалната економска корист. Особено во Источниот регион, природните ресурси – планините, шумите, водите, биодиверзитетот – нудат можност за развој на одржлив, активен и рурален туризам со висока додадена вредност. Но за тоа е потребен поодговорен пристап: прво да се направи реална проценка на ресурсите и нивните ограничувања, потоа да се дефинираат конкретни туристички производи, и дури потоа да се оди кон промоција и пазарно позиционирање.

**Долго време сте во оваа приказна, долго време раководите со волшебен, познат и прифатен од луѓето туристички капацитет, а тоа е хотелот Манастир во Берово, што Ви велат вашите гости за нивото на туристичката понуда на Малешевијата...**

Гостите кои доаѓаат во Малешевијата најчесто се искрено воодушевени од природата, шумите, мирот, климата и автентичноста на регионот. Чистиот воздух и сплетот на природни и културни вредности се нешто што денес ретко се наоѓа, и токму тоа е главната причина зошто многумина повторно се враќаат. Многу позитивно го оценуваат и гостопримството, личниот пристап, како и квалитетот на сместувањето и услугата. За однапред организирани групи со водич, нудиме интересна понуда – различни тематски тури, посети на локални занаетчии, агротуризам, гастрономски и фолклорни искуства, како и активности во природа. Меѓутоа, кога станува збор за индивидуалните гости кои сакаат самостојно да си го организираат престојот, тие често се соочуваат со недостиг на јасни информации, обележани и одржувани рути и подготвени содржини со кои би можеле квалитетно да го исполнат времето. Тоа укажува на недоволно структурирана туристичка понуда за овој тип посетители.

Една од најсилните страни на Малешевијата, што гостите постојано ја истакнуваат, е гастрономската понуда. Уште од самиот почеток на концептот на Хотел Манастир, во 2004г., се определивме за принцип на исклучиво локална и традиционална кујна, подготвена од локални и еколошки намирници, кое на наша радост успеавме да го наметнеме како стандард за целокупната понуда на дестинацијата. Хотел Манастир генерално функционира како чувар на македонската, а особено на малешевската традиција, што за гостите претставува автентично и незаборавно „времеплов“ искуство, а не само престој.

**Пониква?**

Зимскиот туризам заснован исклучиво на снег, поради климатските промени, денес е сè понепредвидлив – не само кај нас, туку и во цела Европа. Поради тоа, нереално е источните планински подрачја долгорочно да ја темелат својата туристичка економија исклучиво на зимската сезона. Нивната реална перспектива е токму во развојот на целогодишен туризам, за кој постојат одлични предуслови: активен, еко и рекреативен туризам преку пешачење, планински велосипедизам, престој во природа, како и гастрономски и културни искуства.

**Од Вашето искуство во оваа област што најмногу бараат домашните, а што странските гости?**

Од моето искуство, домашните гости најчесто бараат краток одмор во природа, мир, добра храна и лесно достапни активности – викенд престој, рекреација, гастрономија и семејни содржини. Странските гости, пак, се повеќе заинтересирани за автентични искуства: локална култура, традиција, историја, организирани активности и јасно раскажани приказни за регионот што го посетуваат. Археолошките локалитети како Баргала, Мородвис, Виничко Кале и Стамер имаат исклучителна вредност и би предизвикувале голем интерес кај странските гости, но во моментов тие се недоволно вклучени во туристичката понуда. Кога овие локалитети би биле интегрирани во тематски рути, со стручно водство и поврзани со гастрономија, локални приказни и активен престој, тие би можеле да станат силен сегмент на туристичката приказна на Источниот регион. Потенцијалот постои – потребен е системски пристап за тој потенцијал да стане реална туристичка вредност.

***Хотел Манастир генерално функционира како чувар на македонската, а особено на малешевската традиција, што за гостите претставува автентично и незаборавно „времеплов“ искуство, а не само престој.***

**Имаме ли ние систем на промоција на националниот туризам?**

Државната поддршка за промоција на туристичките можности постои, но во најголем дел таа е проектна, повремена и фокусирана на општа, национална и регионална промоција. Она што недостига е посилна и континуирана координација меѓу државата и општините, како и јасно усогласување на промотивните активности со реално подготвена, заокружена и достапна понуда на терен.

Во пракса, значителен дел од промоцијата паѓа на товар на приватните компании и локалните чинители. Тие инвестираат сопствени средства, време и креативност за да го направат регионот видлив, често преземајќи улога што би требало да биде споделена со институциите. Тоа покажува голем ентузијазам и посветеност, но не е одржлив модел доколку остане единствен двигател на промоцијата.

Ефективната промоција не треба да се сфати само како маркетинг, туку како дел од поширок развоен процес. Со таков пристап, Источниот регион не само што ќе биде видлив, туку и препознатлив – по квалитет, автентичност и јасна туристичка приказна.

# Дедо, син, внуци, тоа е формулата за успех во 45 годишниот развој на автосервисот „Рибата“

Годинава се навршуваат 45 години од моментот кога нашиот сограѓанин Никола Рибарски донел смела одлука да отвори автосервис во Штип. Дали Никола, во моментите на одлука да тргне со самостоен бизнис мислел дека неговата страст за овој занает ќе потрае цели 45 години, не е познато. Но. денес, уште малку па половина век од отворањето на „Рибата“, автосервисот напредува во секоја смисла, работи со полна пареа, а неговата позитивна историја ја испишуваат синот на Никола – Тодор-Тоте Рибарски и двајцата синови на Тодор Никола и Пане.



Тодор-Тоте Рибарски



Пане Рибарски



Никола Рибарски

-Ние велиме дека автосервисот „Рибата“ цели 45 години испишува силна довербамеѓу корисниците на неговите услугии голема семејна традиција. Сакам да потенцирам дека нашиот автосервисе семеен бизнис со богата традиција, кој постои уште од 1981 година. Фирмата работи под назив ДТУ „Рибата“ дооел Штип – автосервис „Експрес“ и од самото основање до денес се наоѓа на истата локација, што претставува јасен доказ за стабилност, доверба и континуитет, вели Тоте Рибарски. ОсновачотНикола Рибарски, во јавноста е попознат како „Коле Рибата“.

-Мојот татко целиот свој живот го посвети на занаетот и на развојот на овој семеен бизнис. Денес, традицијата успешно продолжува низ три генерации – дедо, син и внуци, што претставува редок и вреден пример за занаетчиска истрајност. Клучот на успехот на автосервисот„Рибата“ е квалитетна, брза и коректна услуга, како и постојана подготвеност да се излезе во пресрет на секој клиент. Целта на сервисот отсекогаш била и останува – секое возило да излезе технички исправно, а секој клиент задоволен од услугата, додава соговорникот на Штипски Глас.

Во сите изминати 45 години овој автосервис ги надградува своите капацитети преку обнова на опремата и средствата за работа, а денес сервисот располага со современи алати, напредна дијагностичка опрема и професионална компјутерска технологија, што овозможува опслужување на сите типови на возила, без разлика на марката или годината на производство.

-Во сервисот моментално работат четворица искусни мајстори, а најстар и најискусен меѓу нив е Нацев Леонит, кој со своето долгогодишно искуство претставува значаен столб на тимот.Занаетот започнат од основачот денес продолжува преку неговиот син, а во работниот процес активно се вклучени и двајцата внуцина основачо, а тоа се Никола и Пане Рибарски, кои со ист ентузијазам и посветеност работат на зачувување и унапредување на квалитетот на услугите.

-Исклучително сум задоволна од професионалноста на мајсторите и од нивниот однос кон клиентите, нивните услуги се навремени и на највисоко ниво, вели Тања Павлова Тасевска, која редовно ги користи услугите на „Рибата“.

***Автосервисот во 1981 година го има основано легендарниот во овој бизнис Никола Рибарарски, за потоа да продолжи неговиот син Тодор, и конечно, семејниот профил да го заокружат Пане и Никола, внуците на основачот. Три генерации Рибарски за успешна семејна приказна.***

Според искуството на сервисот, возниот парк во градот во последните години е значително обновен, со сè поголем број донови возила кои редовно се сервисираат. Сепак, дел од возилата се постари и со поголема километража, кај кои често се јавуваат посложени дефекти. Најчести интервенции се изведуваат на предниот трап и системите за сопирање, кои се од клучно значење за безбедноста во сообраќајот.

Ние пак на крајот од овој приказ за една успешна приватна фирма ќе заклучиме дека со искуство долго 45 години автосервисот„Рибата“ останува препознатливо име во Штип и пошироко, симбол на квалитет, доверба и семејна традиција што успешно се пренесува од генерација на генерација.

# Јорданчо Станчев (Јордан Капа), музичар кој и дава нова смисла на штипската народна песна

Музиката е негов придружник полни 36 години. На 14 години започнал да учи гитара во тогашниот Пионерски дом, а подоцна, благодарение на легендарниот Бошко Симоновски, кон крајот на осумдесеттите години станува дел од се побројното семејство штипски тинејџери кои се посветиле на рок музиката во Домот на млади.

Збор станува за **Јорданчо Станчев**, во музичкиот свет познат како „Јордан Капа", човек кој го одбележа музичкиот живот на Штип со преработка на старите штипски песни за Рајна Бурева и Ленка Пингова кои ги има снимено како сингл на носачи на звук, и во албумот со девет песни испеани за штипјани.




„Зошто сметав дека песните посветени на легендарните штипјанки Рајна Бурева и Ленка Пингова треба да ги преработам во еден посовремен музички ритам? Затоа што мојата баба Стојка ми ги раскажуваше сториите за овие две инспиративни штипски жени чии животни судбини го инсприрале народот да create песни за нив кои штипјани, а и некои други, долго ги памеат и пеат. Кога навлегов во тајните на музиката си дадов задача да дадам свој прилог кон чување и негување на штипската песна за некое сегашно и некое идно време доближувајќи ја до сегашните, а и некои идни генерации преку музички стилови кои се поблиски до нив, Се работи за стилови кои ги имам поминато во групите во кои бев во раната младост", вели Станчев.




Јордан Капа со манеќенката Ива Цацкова

Нашиот соговорник со носталгија се сеќава на преубавите тинејџерски години кога во Домот на млади раководен од Бошко Симоновски, младите, талентирани за музика штипски деца, добиле шанса да го искажат својот потенцијал.

„Тогаш Домот на млади беше исполнет со штипската младост при што се формираа и повеќе рок групи. Јас бев дел од групите „Барбарела", „Надвор од времето" и други во кои, меѓу другите ги пеев и штипските народни песни со доминација на оние за Рајна и за Ленка, но сега преработените во џез аранжмани и во сите урбани стилови поминати низ годините. првите настапи ги имавме во Домот на млади кој младите го исполнуваа до последното место", појаснува Станчев.

Главното „оружје" на Јордан Капа е неговиот глас кој е блиску до гласот на Дејвид Ковердејл фронтменот на Ди Парпл.

Во својата кариера Јорданчо Станчев соработувал со еминентни личности од светот на музиката и модата. Така, спотот за Рајна Бурева кој може да се види на YouTube е сниман во комплексот на античкиот град Баргала, а во улогата на Рајна е штипската манекенка Ива Цацкова која гради светска кариера. Спотот за Ленка Пингова е снимен во Домот на млади.

„Во песната за Рајна Бурева вклучени се Ивица Јорданов, кој важи за еден од најдобрите македонски гитаристи и неговиот син, гитаристот Божидар Јорданов кој пак важи за голем талент, тука е и Панко Гелев џез гитарист кој свири и во „Астибо биг бенд". На мое големо задоволство во дел од песните ставени на албумот свири и познатиот гитарист Емир Мехич, член на „Хара Мата Хари".Придружните вокали на албумот ѓи пее Душанка Срцева, Видео спотовите се дело на Кокан Палашев .Посебна благодарност до Мирче Кикиритков за драгоцените насоки и сугестии за тоа всушност како се пееле во минатото песните за Ленка и Рајна и благодарност до Александар Донски за отстапените архивски материјали од "Фолклорното богатство на Штип". Албумот е снимен во Дизелдорф-Германија во студиото на штипјанецот Дени Ефтимов кој 22 години живее таму, и во студиотот на нашиот сограѓанин, музичарот РобертоПоп Димитров", вели Станчев.

# Задачата на философот



**Пишува:
Проф.д-р Трајче Стојанов,
декан на ФОН при Универзитетот „Гоце Делчев“**

Кому денес му е нужна философијата? Уште повеќе, чуму служи денес философот? Тоа е темата која не само денес, туку откако сум ја избрал оваа професија, ме измачува. Но, особено денес во ера на засилен технички-технолошки развој, во ера на дигитализација и конечно во ера на вештачка интелигенција. Зошто философија, зошто философ кога научниот и технолошкиот развој веќе почна да го обезбедува „рајот на земјата“!? Денес сè може да се пресмета, да се открие секоја тенденција, да се искалкулира секој аспект и од стварноста и од човековото поведение. Ако порано Архимед беше убеден дека со доволно долг лост и точни точки на потпирање, може да ја подигне земјата, денешните „Архимеди“ веруваат дека доволно моќен квантен компјутер може да ги искалкулира сите можни варијанти на една појава, да ги предвиди сите можни позиции, сите можни движења и насоки. Тогаш, не само философијата, ами и голем дел од општествените, односно хуманистичките науки се непотребни, дури и бесмислени. И навистина, чуму философијата денес?

За да одговориме на овие прашања, дозволете ми кус философско-методолошки екскурс. Прво, да расчистиме – што е философијата? Наука ли е тоа воопшто!? Без одложување и без задршка, веднаш да одговорам – не. Философијата не е наука, во стандарната смисла како се дефинира науката, прво и суштинско, затоа што нема свој предмет на проучување. Имено, секоја наука има строго ограничен предмет на иследување, тоа е една од основните карактеристики за една област да ја прогласиме за наука. Философијата нема еден и ограничен предмет на проучување. Таа се занимава со сè. И со ништо! Да, меѓу другото и со ништото, со небитието. Второ, философијата е „осомничена“ за ненаучност и заради методолошкиот аспект, имено, таа нема строго одреден метод на иследување, како што е случај со егзактните, односно емпириските науки.

Оттука, философијата можеме да ја одредиме како засебна област на човековата духовна активност која е помеѓу науката, уметноста и религијата. И особено – философијата, како активност „на меѓата“ се интересира за она што е „на меѓата“. Трансгресијата, отсекогаш била философовата активност. Граничните ситуации, што би рекол Јасперс, се она што ја интересира философијата. И затоа таа гледа онаму од каде егзактните науки го свртуваат погледот. Или гледа на начин на кој тоа не го прават егзактните науки. Во таа смисла, таа е израз на човековиот пркос, а со тоа и на човековата слобота. Таа каприцот во нас – ерго, човечкото во нас.

За да ни стане појасно, ќе го илустрирам ова со три познати експерименти. Првиот е т.н. *Милграмов експеримент* (на Stanley Milgram, во почетокот на 60-тите), кој ја демонстрира човековата подложност на **авторитет.** Накусо, во експериментот, испитаниците биле ставени во следнава експериментална ситуација: им било кажано дека учествуваат во студија за учење и меморија, а нивната улога била да му пуштаат електрошокови на друг учесник (всушност актер), секогаш кога тој ќе го згреши одговорот на поставеното прашање. Електрошоковите, кои секако не биле вистински, се разбира, при тоа го зголемувале интензитетот, на секој нареден погрешен одговор, по наредба на експериментаторот - „доктор“, облечен во бел мантил кој од позиција на докторски авторитет ги давал наредбите да се зголеми јачината на електрошокот. Накусо, наодот бил дека 65% од луѓето продолжувале да даваат „електрошокови“ до смртоносно ниво, само затоа што авторитетот (наводниот доктор кој ги охрабрувал испитаниците), им кажувал да продолжат. Заклучокот е дека луѓето во основа се подложни на авторитет и дека кога наредбата доаѓа од авторитет тие не ја чувствуваат личната одговорност и се подготвени дури и да убијат, ако наредбата е од авторитетна инстанца. Кога поединецот е ослободен од одговорноста, односно кога одговорноста е преземена од друг, тој лесно се подведува.

Другиот експеримент е т.н. *Стенфордски затвор*, направен 1971 година од Филио Зимбардо, со кој се демонстрира нешто слично како во претходниот експеримент, односно, резултатите демонстрираат колку голема е улогата односно моќта на системот, и на улогите што луѓето ги играат во системот. Како е демонстрирано ова? Во подрумот на Универзитетот во Стенфорд, направен е импровизиран „затвор“, а студенти доброволци, сите психолошки проценети како здрави личности, биле поделени на две групи „чувари“ и „затвореници“. Многу бргу, заради доделените улоги во системот, „чуварите“ почнале да развиваат авторитет, да се покажуваат како садисти и сурови, додека „затворениците“ ја прифатиле улогата, стануваќи пасивни, анксиозни, депресивни...Кај обете групи се развила соодветна „личност“ и почнале да се јавуваат соодветни психолошки кризи. Дотолку што експериментот планиран да трае две недели, се прекинал за само шест дена, заради сериозна деградација на учесниците. Како што гледаме, поентата е дека лошото однсеување е резултат на системски доделените улоги и доделената

неурамнотежена моќ, односно експериментот покажува дека луѓето се трансформираат заради улогата поддржана од системот. Моќта се создава и се перпетуира во и заради системот.

И конечно, последниот експеримент е *експериментот на Соломон Аш* (Solomon Asch, реализиран во 50-тите), со кој се покажува **конформизмот** на поединецот во толпата. Екпериментот оди вака: на испитаниците им се покажувале три линии за споредба, со едноставна задача да кажат која линија е со иста должина: А, Б, или Ц. Но, сите учесници кои погодувале, освен еден, кој бил експериментален субјект, биле соработници на експериментаторот кои намерно давале погрешен одговор на очигледниот факт кои две линии се со иста должина. Експерименталниот субјект одговарал последен и под притисок на сите останати во групата, иако било очигледно кои линии биле идентични, сепак ја следел групата и тој дал неточен одговор, односно ист одговор како останатите од групата. Експериментот покажал дека во 75% случаи, експерименталниот субјект се прилагодувал, односно се конформирал на групата, иако решението било визуелно очигледно. Ова, треба да демонстрира дека иако луѓето знаат што е вистина што не, често се кријат зад толпата за да не „штрчат“.

Е сега, после овие три експерименти, да се вратиме на нашата теза, односно на нашето прашање: каде гледа философот, односно што гледа философијата, и оттука што е и што би требало да биде задачата на философијата? Во општествените, односно хуманистичките науки, често се користи статистиката, односно статистичките анализи за да се покажат тенденциите. И тоа строго математички е сосема коректно. Статистичките анализи ги покажуваат насоките на движење, тенденциите, расположението или преференците на групите. Значајноста на статистичките операции во контролата на толпата, ја „открива“ Мишел Фуко, француски мислител, кој ингениозно покажува како впрегнувањето на статистиката помага на системот во контрола на моќта, односно како со помош на статистиката се остварува надзорот и контролата над поединецот.

Но, тоа не е нашата поента. Нашата поента е да демонстрира „каде гледа философот“!? И веднаш да одговориме: статистиката гледа во тие 65% во Милграмовиот експеримент, односно во тие 75% во експериментот на Соломон Аш, додека философот гледа во остатокот - во тие 35% од Милграмовиот, односно 25% од експериментот на Аш. Философот и философијата го покажува исклучокот, односно нејзиниот заклучок нема намера да ја покаже тенденцијата (тоа е задача на статистиката), туку потенцијата. Да ја покаже можноста за исклучок, за каприц, за пркос, ерго – за слобода. **Статистиката го покажува ропското во нас, философијата слободното. Да, 65, односно 75% се подложиле на авторитетот, односно на толпата, се конформирале и на тој факт полагаат надеж сите политичари и економисти. Но, така функционира економијата и политиката, но не и философијата**. Статистиката е операција со која се служат политичарите и економистите, не и философите; статистиката не е философска алатка. Затоа е бесмислено кога денес философијата, во обид да личи на егзактните науки, посегнува по статистиката и броењето. Во сеопштата сциентизација на стварноста, денес, философијата, исплашена за својата иднина, сака да „личи на наука“, па се обидува и самата да ја квантифицира стварноста, да ги прикаже своите идеи квантитативно. Но нема потреба, тоа веќе го прават другите науки: гледаат во тие 65%, односно во тие 75%. **Философијата гледа во остатокот кој ја покажува стварноста онаква каква што може да биде. Философијата покажува дека изборот е можен, слободата е можна!** Еден да е што не се согласил да пушти електрошок до крајни граници за да го „убие“ испитаникот е демонстрација дека и останатите 99 можат! Еден да е што не ја прифатил моќта доделена од системот, демонстрира дека и останатите 99 можат! **Политиката и економијата е вештина на можното, но философијата го постулира идеалот како можност**. Таа посочува на екцесот, како и личноста, односно поединецот, и таа е процеп, исклучок од стварноста, поинаква стварност. Философијата е екстазис – пробив, излез од општите тенденции на стварноста, демонстрација дека поинаква стварност е можна, слободата е можна!

**Со статистиката и вештачката интелигенција, светот навистина би се претворил во еден совршено оптимизиран затвор! Пукнатината ја гледа само философот! А таму лежи онтологијата на слободата.**

Философот отсекогаш, а особено денес, гледал во тие 25, односно тие 35% како надеж за поинаква стварност. Денес, во ера на дигитализација и вештачка интелигенција, таа потреба да гледа во исклучокот е уште поголема. Ако философот не гледа во исклучокот, унификаци- јата кон која стреми квантификацијата ќе остане без отпор, а со тоа и контролата непредизвикана. Философот треба да го предизвикува тоа. Погледот на философот, свртен кон овие 25, односно 35% е нормативна на- деж, егзитенцијален скок, би рекол Кјеркегард. Овде „остатокот“, тој „ирационален остаток“, би рекла математиката, ја одразува целата суштина, во него е тој „херменевтички скок“ кој го може само философијата. **Да, ЧатЏпт ќе биде секогаш подобар од нас, секогаш ќе калкулира подобро од човекот, затоа што тој „гледа“ во статистичките корелации, тој работи со распределби, веројатности и тенденции, тој не може да го види исклучокот како егзистенцијална категорија, ако сакате и како епистемолошка**. За него каприцот е шум, пркосот аномалија, следствено слободата – неважна! **Со статистиката и ВИ, светот навистина би се претворил во еден совршено оптимизиран затвор! Пукнатината ја гледа само философот! А таму лежи онтологијата на слободата.**

Затоа, ќе завршам со една „дефиниција“ за философијата, која мене ми е особено драга и за нашата теза особено илустративна. Оваа „дефиниција“ ја изрекува Министерот за образование на царска Русија, за време на владеењето на Николај I, при затворањето на сите философски школи во земјата. Тогашниот министер П.А. Ширински-Шахматов, во 1850 година, ги затвора сите школи за философија, со следново образложение: „Ползата од философијата не е докажана, а штетата е загарантирана.“

Затоа, нека живее „неполезноста“ на философијата, нека остане философијата да прави штета, да го разнишува очигледното, нека го негира она што е навидум очигледно. Нека критикува! Нека дава надеж дека сепак 25% односно 35% покажале дека поинаков исход е можен, поинаков свет е можен, поинаков свет е нужен!

# Не, не сме исти – и тоа е проблемот



**Пишува:
М-р Игор
Стојанов,
новинар**

Често кога мојот колега Иван Бојаџиски ќе ме замоли да напишам колумна, речиси автоматски завршувам на иста тема – медиумска манипулација. Не затоа што немам други идеи, туку затоа што, гледајќи го македонскиот медиумски простор, особено оној на интернет, станува јасно дека манипулацијата не е исклучок, туку правило. **Со надеж дека некој ќе го прочита ова и можеби ќе препознае дека и самиот е предмет на таа манипулација.**

Една од најподмолните, а воедно и најефикасните форми на манипулација е обидот политичарите да нè убедат дека „се исти како нас“. Дека припаѓаме на ист свет, делиме исти вредности, исти проблеми и исти животи.

**Не сме.**

**И не треба да бидеме.**




Улогата на демократијата не е да ги избереме оние што се најслични на мнозинството, туку оние што се најдобри меѓу нас. Демократијата не постои за политичарите да се прават попрости, туку за општеството да стане попаметно. Политиката треба да го подигнува јавниот дискурс, не да го влече надолу.

Во последната деценија сме сведоци на јасен процес на Трампизација на јавниот говор – и глобално, и локално. Со појавата на Доналд Трамп и слични фигури, простотата, агресијата и намерното поедноставување на сложени прашања станаа политичка стратегија. Кај нас, тој модел се презема без многу размислување.

Аргументот е секогаш ист: „Така допираме до народот“.

Но тоа не е допирање – тоа е глумење.

И не зборуваме за теорија, туку за јавно достапни факти. Зборуваме за политичари кои во своите официјални анкетни листови пријавуваат по 20-тина биткоини. За функционери со бизнис-интереси во Белград, Софија, Атина или Дубаи, додека јавноста се храни со националистичка омраза кон истите тие соседи. Зборуваме и за политичари кои без никаква непријатност носат часовник вреден околу 50 илјади евра, во држава каде мнозинството граѓани немаат пари ниту за пристоен годишен одмор.

Ова не е морална осуда.

Ова е демонстрација на разлика.

Тие не живеат ист живот.

Не носат ист ризик.

Не плаќаат иста цена.

И токму затоа е навредливо кога тие се претставуваат како „обични луѓе“.

Кога милијардер како Доналд Трамп или Илон Маск се обидува да се продаде како „човек од народот“, тоа не е автентичност – тоа е маркетинг. Кога македонски политичар зборува намерно примитивно, тоа не е скромност – **тоа е порака дека не ве смета за способни за повеќе.**

Ако политичарите навистина веруваа дека граѓаните можат подобро, ќе зборуваа подобро. Ќе објаснуваа, ќе аргументираа, ќе водеа, ќе учествуваа на суштински дебати. Наместо тоа, тие се симнуваат на нивото за кое мислат дека најлесно се контролира.

Улогата на лидерите е да го качуваат општеството нагоре, а не да го држат во интелектуална тиња. Да создаваат услови за повеќе знаење, повеќе критичко размислување и повеќе компетентност – не повеќе кавги и навреди.

Затоа, следниот пат кога некој политичар ќе ви каже „јас сум ист како вас“, застанете и прашајте се:

**Ако си ист како мене – зошто те бирам тебе?**

Кога политичар глуми дека е ист како вас, тој не ви се приближува – тој ве потценува.

Тие не се исти како вас.

Само сакаат да верувате дека се, за да им го дадете гласот.

# Кому му е потребна вистината?



**Пишува:**
**Ристо Божидар Аризанков**

Вистината се толкува како склоп на факти и израз на она што е, што постои и што може да се утврди, наспроти лагата која го претстравува она што не е и што не може да се утврди. Amicus Plato, sed magis amica veritas / Драг ми е Платон, но, подрага ми е вистината – Рекол Аристотел во неговата Етика.

Кога велат дека пред вистината и Боговите молчат, никој не кажува дали тие – Боговите се навредени од неа... Човек кој ја зборува вистината нема многу пријатели.

„Секогаш ја зборувам вистината, тоа е болест. Како да имам пес во мене кој почнува да лае преку мојата уста. Но тоа има и своја предност. Сите ме мразат заради тоа што им го кажувам во лице, и сите ме сакаат заради тоа што на другите им кажувам се во лице. И така, помалку сакана, помалку омразена во завист од моментот, никогаш не сум нашла некој кој може да ме сака два дена по ред.” – Luigi Pirandello.

Вистини има многу и различни, доволно е секој човек да биде во право. Вистината секогаш е без покрив на главата. Не верувам дека се наоѓа во виното, ниту лагата не е лага од раѓање, таа само порано видела што и се случува на нејзината постара сестра – вистината. Покомфорно се живее со лагата отколку со вистината. Лагите се големи и раскошни, а вистините мали, голи и мачни. Вистината што не е искажана на време е полоша од лагата. За вистината се борат слабите и аматерите. На страната на лагата се највиталните, најагресивните, добро увежбаните и одлично платените професионалци. Вистината обично се прикажува гола, за да може секој да ја облекува според својата желба. Многумина партиски војничиња носејќи розови очила ја веруваат само ,,вистината” кажана од нивните лидери, но слепецот не гледа колку и да му светиме.

Секоја спогодба помеѓу лагата и висината секогаш е на штета на вистината. Вистината е како жена, ако се слече јавно – ќе пукне срам. Лагата има секогаш седум различни варијанти, вистината само една. Вистината многу лесно ќе ја препознаете по тоа што ќе ви биде непријатна. Не секоја вистина е здрава, на лагата и се кратки нозете, ама барем лицето и е убаво. Јавното мислење е најголемото лажење на светот. Кога сите лажат сите се во право. Лагата штоласка лугето ја голтаат со полна уста, ама затоа капка по капка се пие вистината, затоа што е горчлива. Кој знае да лаже не може да верува. Само жените и докторите знаат колку им е потребна лагата на луѓето. Ако некој рече - „Го сакам Господ”, а го мрази својот брат, лаже, зашто како може некој да го мрази својот брат кој го гледа, а да го сака Господа што не го гледа?

И една реална приказна за тоа колку може човек сам да си наштети со вистината:

Во средновековна Европа, тројца затвореници биле осудени на смрт со гилотина. Еден од тие затвореници бил свештеник, друг судија и третиот физичар. Првиот од овие затвореници што ќе биде погубен бил свештеникот. Му ја ставиле главата под гилотина и го прашале кои се неговите последни зборови? Свештеникот им рекол: Верувам во Господ, тој ќе ме спаси. Боже... Боже... Боже... Гилотината била пуштена и запрела точно неколку сантиметри над неговиот врат. Луѓето кои биле таму биле страшно изненадени и почнале да викаат: Ослободете го, Господ го чува и не сака да умре! И така свештеникот се спасил од смртна казна и бил ослободен.

***Лагата има секогаш седум различни варијанти, вистината само една. Вистината многу лесно ќе ја препознаете по тоа што ќе ви биде непријатна. Не секоја вистина е здрава, на лагата и се кратки нозете, ама барем лицето и е убаво. Јавното мислење е најголемото лажење на светот...***

На ред бил судијата. Му ја ставиле главата под гилотината и го прашале кои се неговите последни зборови? Судијата им рекол: Јас како свештеникот не верувам во Бог, но верувам во правдата. И мене ќе ме спаси правдата. Правда...Правда...Правда...Гилотината се ослободила и застанала точно неколку сантиметри над неговиот врат. Присутните биле страшно изненадени и повторно почнале да викаат: Пуштете го, правдата го кажа своето, таа го штити и не сака да умре! И така судијата се спасил од смртна казна и го ослободиле како попот. И така, на ред бил физичарот и го прашуваат кој е неговиот последен збор? Физичарот им вели: Јас не сум ниту свештеник кој верува во Бог, ниту сум судија кој верува во правдата... Единственото нешто што го гледам и знам е дека има јазол во вашата гилотина што ја спречува да падне. Потоа чуварите ја провериле гилотината и виделе дека навистина има јазол. Го одврзале и ја пуштиле гилотина со која му ја отсекле главата на физичарот!

Отвореното зборување за проблемите и „јазлите“ во општеството понекогаш навистина може да има горчливи и опасни последици. Исто како и во оваа приказна... Затоа што обично оние кои се стремат кон реалноста, кои сакаат да ја видат и отворено да кажат која е вистината, во исто време се подготвени и да ја платат цената.

Вистина или лага – Ваше е да решите што е подоброто за вас...



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ,
писател

# ПУСТА ЗЕМЈА ПУСТИ СНИШТА

Шкотскиот морнар Александар Селкерк побрал од капетанот на бродот да го остави на тропскиот островот во близината Чиле, односно, по кратката пауза да се спуштат кон океанската шир  без него. Причината да побара да остане на пустото острово била стравот, односно, претпоставката дека бродот со сите дефекти што ги носел со себе ќе потоне. Морнарот Александар Селкерк не сакал да умре среде океанот. Капетанот се согласил и му ја исполнил желбата. Така морнарот Александар Селкерк со малкуте храна, облека, пушката и не многу динамит, на животниот пат ја избрал неизвесноста, наместо извесната и скора смрт среде океанот.

На островото останал точно четири години. По враќањето назад во татковината, раскажувал дека најмногу се плашел од тишината. Посилна била и од гладот. Ја читал на глас библијата што капетанот на заминување му ја оставил, колку да може да слуша човечки глас. Се плашел да не заборави да зборува. Сметал ако го изгуби од меморијата човековиот глас ќе изгуби се‛ што е човечко во себе.

Кога по четири години го видел бродот вкотвен во близината на островото и кога тргнал небаре авет кон посадата излезена на брегот, не можел да си поверува на очите. Она што постојано го повторувал во секоја прилика, било неговото поимање за вредноста на човековата заедница: „Тогаш кога ќе останете сами, ќе ги изгубите сите контакти со човекот, тогаш ќе сфатите колку си требаме едни на други. Човекот не е создаден да живее сам.“

◆ ◆ ◆ ◆

Оваа вистинска приказна го инспирирала англискиот писател Данел Дефо, да го напише романот Робинзон Крусо. Прв пат е објавена во 1719 година. Романескната приказна била обмислена како автобиографија на морепловецот Робинзон Крусо, човекот кој доживеал бродолом и останал да живее на пуст остров цели 28 години. Во книгата на Дефо островот се наоѓал близу Венецуела. Крусо бил изложен на воинствените склоности и ќутот на староседелците, заробениците и бунтовниците кои колку и да му го отежнувале животот на островото, толку му го правеле динамичен.

Во Англија после 28-те години го враќаат не други туку морските пирати. Колку и да се одалечувал Даниел Дефо од исказите на Александар Селкер, дека човекот на човекот е брат и не може да живее сам, со тоа што Крусо дома го враќаат пирати говори дека човекот не може без човечноста во себе.

◆ ◆ ◆ ◆

Книгата на Даниел Дефо станала најчитана книга во англиското јазично подрачје се до крајот на деветнаесетиот век. Не е тешко да се погоди зошто. Колку да е уверлива поговорката на Хобс-„Човек на човека е волк“ толку е веродостојно  тоа дека човокот не може без човекот, не може сам. На осторовото Александар Селкерк ги имал сите намирници потребни за живот. Се хранел со уловените птици и дивечот, пиел вода од чисти извори, дишел чист незагаден воздух, имал прекрасен видик и кон морето и кон брегот. Сепак островот го нарекувал пуст. Пуст поради една единсвена причина. Поради тоа што немало луѓе. Кога се вратил во цивилизираниот свет меѓу луѓето, непрестано повторувал дека тишината, неможноста да слушне човечки глас била пострашна од гладот.

Робинзон Крусо на Дефо исто така бил опкружен со бујна, раскошна природа, а сепак се осеќал осамен, За спас од осамата, од потребата да разговор со некого, од потребата да слушне човечки глас, го измислува Петко.

Ете зошто романот бил најчитан тогаш кога излегол, а и денес после два и пол века. Читателите се препознаваат во насловниот лик. Се препознаваат во неговите стравови, соништа и потреби. Ја примаат како религија, како верба во човекот, во центарот на световниот живот,  зашто се‛ можеш да имаш, но ако го немаш човекот во себе и околу себе, немаш ништо.

*П.С. Мислат ли така: Американците, Русите, Украинците, Израелците, сите кои војуваат против човекот? Мислат ли дека на пуста земја, таму каде што ќе нема човек,  ќе има живот? Ако мислат значи малку знаат за култниот роман во времето на просветителството, инспириран од вистинскиот живот на морнарот Александар Селкерк.*



# Дипломи без знаење-образовани или само сертифицирани млади?

Пишува:
Роберт Аџипетров

Во последните години, во Македонија диплома-такако парче хартијастана поважна од знаењето што треба да го претставува. Од основно образование, преку средно, па сè до факултет, системот континуираноиспраќа една иста порака: важно е да се помине, а не да се научи. Документот што некогаш значеше сигурност, денес е само формалност, а вака поставената логика тивко, но сигурно, го разградува образованието и ја доведува во прашање иднината на младите генерации.

Во Штип, како и во многу други градови во државата, не е реткост да се сретнат ученици и студенти со одличен успех, а со сериозни празнини во основните знаења. Може да се положи испит без целосно разбирање на материјалот, да се заврши година со минимален ангажман и да се стигне до диплома која формално вреди, но суштински е празна. На овој начин една година помината во училиште не е ништо повеќе од временски период,од точка А до точка Б, во кое сите ние најчесто се лажеме себеси дека сме направиле напредок.

Наставниците и професорите се наоѓаат под постојан притисок. Од една страна се очекува да држат ниво, а од друга страна им се наметнува обврска „да не создаваат проблеми“. Родителите реагираат на секоја пониска оценка, институциите бараат висока проодност, а учениците веќе знаат дека е потребно само „да се помине“. Во таков амбиент, критериумите полека се спуштаат, а образованието се претвора во механички процесна одбројување на години додека да се добие диплома.Во вака поставен систем,учениците учат за тест, не за разбирање. Меморираат информации краткорочно, ги репродуцираат на испит, а потоа ги забораваат. Критичкото размислување, анализата и поставувањето прашања стануваат секундарни,непотребнипа дури и непожелни. Се создава генерација која знае да „научи напамет“, но не знае да примени. Денес учениците училиштето не го гледаат како место каде се стекнува знаење, туку како место каде истите мораат да поминат одредено време за системот да ги регистрира.

Кога образованието е вака поставено, технологијата е сојузник не на напредокот туку наизмамата. Препишување, копирање, користење готови одговори излоупотреба наВештачка интелигенција се реалност што сите ја знаат. На овој начин се градилажна слика за успех, додека вистинското знаење полека исчезнува од училниците. Последиците најсилно се чувствуваат кога младите ќе излезат од образовниот систем и ќе се соочат со реалниот свет.Поразително изгледаат меѓународните тестирања на знаење, но и тестовите на интелигенција чии што поразителни резултати, за нас навредливи, ги решаваме со игнорирање.

Најголемата неправда е што вината најчесто паѓа врз младите, а тие се најмалку виновни. Тие само реагираат на системот што им е понуден. Кога образованието ви кажува дека е поважно да имате оценка отколку мислење, логично е да се фокусирате на бројки, а не на суштина.

***Вистинскиот успех се мери со тоа колку младите се подготвени за живот, за работа и за општествена одговорност. Многу дипломи, а малку знаење, не се знак на напредно општество, туку на убаво спакувана празна иднина.***

Како да го промениме ова? Решението на секој проблем почнува од соочување со истиот, односно признавање дека проблемот постои.Потребно е да се врати авторитетот на наставниците и да им се даде поддршка кога поставуваат јасни и фер критериуми. Потребно е образованието повторно да се фокусира на вештини, а не само на факти – комуникација, логично размислување, решавање проблеми и одговорност.Во насока на решение на проблемот потребна е и промена во општото сфаќање во делот на тоа што претставува успех на образовниот систем. Македонија мора да престане да ја мери успешноста на образованието со бројот на дипломи. Вистинскиот успех се мери со тоа колку младите се подготвени за живот, за работа и за општествена одговорност. Многу дипломи, а малку знаење, не сезнак нанапредноопштество,туку наубаво спакувана празна иднина.

**(Авторот е директор на Педагошка служба Министерство за образование и наука)**



# Какви пациенти лекарите (не) сакаат

**Пишува: д-р Даница Фичорска, специјалист физијатер во пензија**

Утро, понеделник. Го облекувам белиот мантил, блуза и панталони, и лесните бели кломпи. Трчам на понеделничкиот состанок со колегите. Состанокот обично е краток, стручен со договор кој каде ќе оди и што треба да се заврши за тој ден. Брзо слегуваме сите во своите амбуланти. Пред мојтата врата е митинг. Сигурно има повеќе од 25 пациенти. Радосна сум, спремна за битка со новиот ден. Кога би можела сите би ги гушнала, би им помогнала што побрзо можам.

Почнувам да ги викам по ред. Најпрво влегува тетка Цвета, ја носи внуката за корекција на рбетот. По неа млада жена со болки во десното рамо и одеднаш се слуша некаква мешаница пред вратата.

"Некој сака да влезе преку ред" – си помислувам и продолжувам со работа. Одеднаш се отвара вратата и влегува мојот тетин Ѓорѓија.

- Повели - му велам – само да ја напишам последната терапија и ќе те видам.

Кога се беше готово, тетин Ѓорѓија нестрпливо ме погледа и добро ја намести раката да можам да му го видам гипсот.

Кажи ми, тетин, што се случи?

- Ех, внучке, сега с? ќе ти кажам.

Да, те слушам.

- Знаеш ли тетка ти Лефта и јас станавме баба и дедо пред некој ден. Добивме внуче и се знае тоа внуче ќе се вика како мене, Ѓорѓија.

Честитки тетине, но кога ја скрши раката?

- Чекај сега с? ќе ти кажам, не може одеднаш!

Ти добро ја знаеш моја Лафта, тиганици мора да има. Знеш ли ти какви тиганици прави тетка ти, ум да ти штукне, големи меки се топат во уста. Ми направи три четири прво мене, со сирење, што да ти кажам.

-Потоа што се случи?- сум веќе нестрплива.

- Јадев убаво се најадов, а таа зеде една чинија ја наполни и ме прати кај свакќата да и однесам. Знаеш кој ми е сваќа?- Љубица .

-Ти одејќи падна?

-А не, чекај, бе докторке!

- Одев така со чинијата и знаеш до нив има многу скали, па дрвени и додека се искачив душа ми излезе и најпосле стасав задишан до нив.

-Тогаш се лизна и ја скрши раката?- брзам јас .

- А не, звонев, звонев никој не отвара и најпосле се појави Љубица лута, сум го разбудил детето, ми ја грабна чинијата од рацете и ми ја тресна вратата пред носот. Докторке, не е секој за сродување, никако.

Лут тргнав кон дома, а Лефта ме пречека со секирата во рацете да пресечам дрва и отидов да цепам со една тупа секира и докторке едно дрво летна и лета, лета и јас да го фатам се лизнав и си ја скршив раката .

- Добро чичко Ѓорѓија, дај да ја видам.

- Тогаш вратата со тресок се отвори и внатре влегоа неколку разлутени пациенти.

- Аман докторке нас ни се слоши. Пријатели преку ред и потоа се прегледуваат цел часови, а нас набрзина.



- Едвај ги смирив, потоа се жалеа кај управникот на мојата работа, а јас се сетив на правилата за пациентите:

1.Најважните тегоби да се кажат во првите 5-10 мин по посетата.

2.Не носете кај лекарот тетратки литература извадени од интернет.

3. Запишете неколку главни прашања кои ви се важни за вашата болест, а не лист долг како за локалните избори.

4.Не претерувајте со детали

5. Не ги игнорирајте порепраките од докторот

6.Не заборавајте на личната хигиена.

**(Оригиналот од Примарису Др. Олга Андрејчин,Специјалист физијатар)**

# Штип – културен центар без достоинствени услови за култура



Штип е универзитетски и културен центар на Истокот на Македонија, град со богата културна традиција и активна уметничка сцена. Сепак, реалноста со која секојдневно се соочуваат граѓаните, уметниците и културните работници е далеку од достоинствена и прифатлива. Граѓаните на Штип се принудени да посетуваат културни настани во објекти кои не ги исполнуваат ниту основните безбедносни и технички услови.

Во градот постојат три сали за одржување културни настани:

Домот на култура „Ацо Шопов", Народниот театар и салата на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев".

Сите се во исклучително лоша состојба!

Особено загрижува состојбата во Домот на културата „Ацо Шопов", каде што во зимскиот период културните настани се одржуваат во неподносливо ладна сала, без соодветно греење. Публиката и уметниците се оставени да се тресат од студ, додека уметноста се обидува да опстои во понижувачки и недостојни услови. Ова не е изолиран проблем, туку долгогодишна состојба за која со години не се презема конкретна одговорност. Секоја зима културните настани се одвиваат во исти, недозволиви услови, што директно ја обезвреднува културата и го нарушува правото на граѓаните на пристап до квалитетни културни содржини. Да не зборуваме за европските стандарди за одржување културни настани, кои се целосно недостижни во вакви услови. Народниот театар во Штип е стара, истрошена зграда со каратаван, која воопшто не била наменски градена како театар. Станува збор за адаптирана спортска сала која од година во година сè повеќе пропаѓа. Тоа е објект во кој ниту вработените, ниту публиката не се чувствуваат безбедно. Сценските и перформативните услови се далеку под нормалните стандарди за одржување културни настани. Време е Штип конечно да добие нов, современ театар, достоен за град-културен центар на Истокот.

***Во градот постојат три сали за одржување културни настани: Домот на култура „Ацо Шопов", Народниот театар и салата на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев".***

***Сите се во исклучително лоша состојба!***

Ниту салата на Економскиот факултет не е исклучок – и таму објектот е во лоша состојба и небезбеден за одржување културни настани.

Недозволиво е град како Штип, со богато културно наследство и жива уметничка сцена, да не може да обезбеди основни услови за создавање и следење култура. Не се бара луксуз. Се бараат основни, нормални стандарди. Се бара минимум достоинство.

Апелирам до сите надлежни институции итно да преземат одговорност и да обез- бедат трајно и соодветно решение за состојбата на културните објекти во Штип. Културата не смее да се одвива во услови што ја понижуваат и ја доведуваат во прашање нејзината вредност. Публиката мора да биде безбедна. По сè што ни се случи како општество, недозволиво е да не ја научиме лекцијата за безбедност при одржување на каков било јавен настан.

Уметноста во Штип опстојува благодарение на луѓето што ја создаваат со љубов, посветеност и ентузијазам. Време е институциите конечно да ја поддржат со конкретни дела. Време е Штип да добие културни центри достојни за своите граѓани затоа што културата не е само уметност и традиција, таа е и основа за интелектуален и морален развој на заедницата.

Штип има прекрасни уметници и верна публика кои заслужуваат достоинствени културни институции во кои уметноста ќе се создава, ќе се споделува и ќе се слави.

**Милорад Анѓелов, актер**

# Општествени промени: меѓу отпорот, комфорната зона и напредокот



Пишува:
доц. д-р Христина Серафимовска, директор на Агенција за квалитет во високото образование.

Актуелните обиди за промени како што се измените на законот за пушење, проектот сигурен град (safe city), новиот Закон за високо образование и сл. повторно го актуелизираат прашањето за комплексноста на човековата природа и напуштањето на комфорната зона. Ако ги анализираме одделно овие проблеми ќе утврдиме дека по сите нив одамна е постигнат (неформален, но јавен) општествен консензус за потребата од надминување на моменталните состојби, или колоквијално речено „повеќе не може вака". Сепак, само што ќе се даде било каков предлог за промена сведоци сме на генерирање на општествена тензија и несогласување.

И тоа е очекувано...имено, општествените промени никогаш не се тивки. Тие доаѓаат со прашања, несигурност и често со силен отпор. Иако промената е единствената константа во историјата, луѓето ретко ја прифаќаат лесно. Причината не е само стравот од новото, туку и длабоката човечка потреба за стабилност, предвидливост и припадност. Токму во тој судир меѓу потребата за сигурност и нужноста од развој се раѓаат и конфликтите, и напредокот.

Отпорот кон општествените промени најчесто произлегува од напуштањето на комфорната зона. Во таа зона не мора да значи дека ни е добро – туку дека ни е познато. Луѓето можат да останат во неправедни системи, нефункционални институции или штетни навики само затоа што знаат како функционираат. Промената бара напор: да се учи одново, да се преземе одговорност, да се ризикува неуспех. Затоа отпорот често се маскира како „традиција", „реалност" или „неможност". Но, зад тие зборови најчесто стои стравот од губење контрола.

Причините за општествените промени обично се акумулирани. Ретко промените се случуваат одеднаш. Социјалните нееднаквости, економските притисоци, технолошкиот развој, културните судири и генерациските разлики постепено ја туркаат реалноста кон точка на пресврт. Кога постојниот систем повеќе не одговара на потребите на мнозинството, промената станува неизбежна. Историјата покажува дека кога институциите не се менуваат навреме, промената доаѓа од улица, од маргините, од оние што најмногу губат со статус кво - ситуацијата.

Прашањето не е дали треба да има промени, туку како истите ќе се менаџираат. Тоа е процес во кој подеднаква улога имаат сите чинители и општествени структури, кои мораат да бидат предводени само и единствено од заедничкиот интерес и општото добро. Добро менаџираната промена создава чувство на вклученост, праведност и заедничка цел. Клучот е во комуникацијата и довербата, бидејќи луѓето не се плашат толку од промената, колку што се плашат од тоа да бидат игнорирани. Кога се нуди јасна визија преку комуникација и вклученост отпорот не исчезнува целосно – но се трансформира во дијалог.

***Излегувањето од комфорната зона е предуслов за напредок, и на индивидуално и на колективно ниво. Комфорната зона е безбедна, но е и статична. Напредокот, пак, бара движење, а движењето секогаш носи ризик.***

Излегувањето од комфорната зона е предуслов за напредок, и на индивидуално и на колективно ниво. Секој значаен општествен исчекор – од човековите права до технолошките иновации – започнал со луѓе кои биле подготвени да бидат непријатни, непопуларни или неразбрани. Комфорната зона е безбедна, но е и статична. Напредокот, пак, бара движење, а движењето секогаш носи ризик.

Сепак, напредокот не значи бришење на минатото. Напротив, тој значи критичко преиспитување: што вреди да се зачува, а што мора да се надмине. Општествата што успеваат не се оние што слепо трчаат по новото, туку оние што имаат храброст да учат – и од грешките, и од успесите.

На крајот, општествените промени не се апстрактен процес. Тие се збир од лични одлуки. Отпорот е човечки, но стагнацијата е избор. А напредокот, напредокот започнува таму каде што завршува удобноста.

# Благица Ефремова:
# Во детството најмногу се наоѓав во читањето...

**Благица Ефремова е родена на 14.02.1957 во Штип. По струка е дактилограф. Нејзината творечка врвица започнува со поезија. „Клучарот на убавината“ е нејзина прва објавена книга. Редовен член на ЛК „Искра“ е од 1999 година, а била и претседател на истиот.**



**Благица, кажи ни нешто за своето детство?**

-Детството за мене всушност се златните години кои нема никогаш да се вратат Безгрижно, чисто неповратно. Со топли хоризонти, пролетни ластовички, штркови, снеговити зими со санки и презимени врапчиња. Растев со родители, со нивна љубов и грижа, бескрајни игри со деца детски соништа и бујна фантазија, како за едно девојче. Кога еднаш сакаш да бидеш принцеза, друг пат балерина. Но најмногу се наоѓав себе си во читањето на книги, во училишните лектири, кога се поистоветуваш со некои ликови. Така се формираш и ти самиот себе и како карактер и човек.

**Кои ти беа омилените книги во детството?**

-Белото циганче од Видое Подгорец, Волшебното самарче, Хајди, Двојната Лота, Том Соер, Срце, Гуливеровите патувања, Чичко Томовата колиба. Од практична гледна точка, токму овие книги би им ги препорачала на децата за читање. Тука се и песните од Ванчо Николески Зоки Поки од Оливера Николова и др. Сите овие книги беа основата и поттик за да пишувам и јас. Своевремено во детската душа тлееше и желбата да бидам и станам и јас писател. Љубовта за читање и творење со право можам да кажам, дека ја добив од мојата мајка. Таа прво пред мене ги читаше зададените лектири, а после ни ги раскажуваше на целото семејство. Потем јас ги читав и ги раскажував во домашна тетратка за задача дадена од учителката. Така настанаа и поите први песнички што ни ги праќаше учителката во тогашните весници – Развигорче, а како поголема во ,,Наш свет“.

**Твојот прв контакт со бибилиотеката?**

-Уште паметам дека кога се зачленив во библиотеката бев заведена под реден број 105. Уште тогаш имав и желба да бидам и библиотекар. Во тоа време многу писатели одеа по училиштата на покана од наставницитете и беа многу ценети. Разговараа со нас учениците, а ние со свои прашања. Во домашните тетратки имавме задача да ги нацртаме ликовите на писателите. Моето писателско кредо започна во 2001г. со стихозбирката насловена ,,Клучарот на убавината“. Тоа беше моето прво книжевно дело, наградена на семејна палета месецот на книгата при МТВ. Мене секое утро ми започнува со стих и вечерта завршува со стих, но со текот на годините сфатив дека мојата инспирација се повеќе децата.

**Зошто?**

-Затоа што секое дете за себе е посебно инспиративно и е посебен лик, а децата од моето детство се врежани во моето сеќавање. После трите стихозбирки следуваа години на објавување на десетте книги за деца. Моето творење и пишување, како по некоја инерција почнува повеке наутро, но понекогаш и доцна навечер. Прво мора да имаш мотив и фабула. Јас прво ги давам насловите на книгите. Почетокот за мене е секогаш потежок, но како што велат крајот го краси делото. Сум имала случај кога ке напишам два краја па сум во недоумица кој крај да остане на книгата. Писателската работа бара жртвување. Кога имам инспирација ги оставам сите куќни и секојдневни работи, оти тука се мислите ке избегаат, ако не ги запишеш.

**На што најмногу се радуваш?**

-Најмногу се радувам кога некој за подарок ке ми даде книга. Тоа за мене е посебна радост и внимание. Така да купувајќи книги, подарени и од саеми во мојата домашна собрана библиотека имам можеби околу триста книги. Исто така, многу книги подарувам и јас. Инаку, читам и светска литература, читам и од нашата богата македонска ризница.

**Кога би се нашла на пуст остров која книга би сакала да ја имаш со себе и што за тебе значи нашата библиотека?**

-Во однос на книгите ќе кажам дека ова за мене е најтешко прашање. Би ја земала книгата.... сите книги за мене имаат душа, но тоа би била книгата Доктор Живаго од Пастернак, а можеби Белото циганче или Тихи Дон. Моите книги ги промовирам во библиотеката НУ-УБ „Гоце Делчев“ кој е мојот втор дом, а вработените таму се моето второ семејство. Секогаш ми помагаат и ги организираат моите промоции. Другарски, но професионално си ја вршат работата. Љубезни срдечни и големи подржувачи како за мене како роднокраен автор, така и за другите што промовираат книги од Штип и од други градови. Кога ќе се свртам и погледнам назад гледам мои успешни години за соработка, читање и пишување свакам дека тоа е дел од мојот живот исполнет бурно со подеми и падови. Со најголемиот двигател љубовта и здравјето, кое едно без друго не се може, како што не можам и без моите книги. На младите писатели би им препорачала да не се колебаат по тој пат што тргнале и да не се откажуваат од своите амбиции. Патот по кој одиме е трнлив, но успехот е неминовен, а литературната сцена предизвик!

**Пишуваат:**
**Тодор Џидров, библиотекар и**
**Јована Рилак, виш библиотекар**

# Четириесеттина мали „видри“ учат пливање во затворениот базен кое им го овозможува клубот „Видра“

Четириесеттина деца на возраст од пет до 14 години ги изучуваат пливачките вештини во затворениот базен во месноста Суитлак. Зад оваа иницијатива стојат поранешните членови на поранешниот пливачки-ватерполо клуб „8 Ноември“ Ване Маневски, Кирил Нашков, Ернест Ванев и Дарко Нашков. Пливачкиот клуб „8 Ноември“ функционираше од 1953 година па се до моментот кога градскиот базен беше затворен и продаден на приватна фирма.

-Идејата за формирањето на пливачкиот ватерполо клуб „Видра“-Штип дојде од нашето искуство кое го стекнавме во работата со ПК „8 Ноември“, а кој клуб беше многу успешен во оспособувањето на деца и млади во пливачките вештини и во ватерполото. Сакавме и на овие генерации деца да им овозможиме да навлезат во тајните на пливањето и на ватерполото како спорт, а некои од нив, во некоја иднина, се надеваме дека ќе ги бранат боите на Македонија, ни рече Кирил Нашков.

Овие ентусијасти како вљубеници во спомнатите спортови во работата со децата се водат од чисто спортски причини, а како општествено одговорни луѓе знаат да одвојат и дел од своите приходи за клубот успешно да ги оствари целите. Нашков вели дека тие само сакаат знаењето кое во некое претходно време им го дале нивните учители сега тие да го пренесат на новите генерации.

—Во базенот кој им служи и на други клубови имаме три тренинга неделно од по еден час. Тоа, секако, е малку време но наскоро ќе работиме два пати дневно што е време неопходно за да се постигнат посериозни резултати. Во моментов децата учат само пливање, а по две-три години ќе видиме кои деца се подготвени и имаат желба да почнат со тренинзи во ватерполото, ги појаснува работите Кирил Нашков.

Децата со кои работи школата „Видра“ главно се непливачи, има четворица полупливачи и две деца



пливачи. Нивната радост кога ќе дојдат на базенот е нешто посебно, а најтешко им е кога часот мора да заврши.

Базенот е со димензии 25 на 8 метри што е минималната должина/широчина за пливање. Нашиот соговорник вели дека на градот му треба базен со поголеми димензии како предуслов за уште подинамичен развој на спортовите на вода. Таа потреба ја искажуваат и големиот број на деца и млади кои сакаат да навлезат во тајните на пливањето и ватерполото. Според Нашков, петнаесет дена учење се доволни за едно дете да може да се одржува на вода.

Заинтересираните родители можат да стапат во контакт со клубот „Видра“ со јавување на 078/ 394 470 (Ване Маневски).

**ИМПРЕСУМ**

**Издавач: Медиум Боја 43 – Штип**
**Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:**
**Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип**

**Одговорно лице: Иван Бојаџиски**

**Излегува еднаш месечно**
**Првиот број излезе во месец април, 2009 година**
**Главен и одговорен уредник:**
**Иван Бојаџиски 078/375582**

**Графички уредник:**
**Јорданчо Бојаџиски, 078/473094**

**Овој број е отпечатен на 30.01.2026 година**
**Тираж: 1.000 примероци**

**Ж-ка: 290000002136767**
**Едб:4029019522191**
**Т.Т.К. банка А.Д. Скопје**
**Годишна претплата: 180 денари.**

**Печати: Европа 92-Кочани,**
**ул. „Крижевска“ бр. 52**

**За Штипски глас**
**се плаќа повластена даночна стапка од 5%**

**ISSN 2545-4498**
**Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски**

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите.



Ш.Г.

- **Пејач на фотосот**
- Старогрчки филозоф
- Безбожник, атеист
- Татко (слов.)
- Град во Азербејџан
- Франц. боксер Бернар
- Америк. артистка
- Област во Етиопија
- Италиј. комедиограф Пјетро
- Франц. писател Антоан
- Парче дел (раз.)
- Мерка за ел.отпор мн
- Река во Сибир
- Токсин
- Тон
- Село во Струшко

Ш.Г.

- Десетар во турск. војска
- Вид збор (мн.)

Ш.Г.

- Артист Бернар
- Прескокнување
- Византиски цар
- Марка Холанд. Автомоб.
- Ампер
- Индиска новинска агенција
- Ам. писат. Клер
- Амер. пејач
- Вид краток меч
- Пофалба, препорака (на стока)
- Мало шинско возило
- Добра
- Удел
- Елипса
- Емерик Данцер
- Старо еврејски крал
- Волт
- Жена член на совет
- Амер. артист Роберт
- Конак
- Показна заменка
- Силициум
- Град во Италија
- Старо арапско племе
- Вид превозно средств.
- Вид спорт

Ш.Г.

- Филипин. политичарка
- Женско име
- Слика од Да винчи
- Река во Србија
- Дожив. при спиењ
- Скапоцен камен (тур.)
- Никел
- Растур
- Часовници
- Вид крвоносен сад
- Радиус
- Перуан. билка
- Степен во каратето
- Град во Франција
- Каша
- Орде Чопела
- Обедин. Арапска Рапублика
- Иво Данеу
- Макарска
- Марина Абрамова
- Постар член од екипа
- Екот
- Самогласка и согласка
- Вид Гуштер
- Муслим. машко име
- Азот
- Неутрализиран отров
- Велшки фудбалер Јан

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA